Бр. 04-135/4-1
22.08 2024 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 32 од Статутот на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп, а согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија(Службен весник на РСМ бр.38/96.....274/22), Законот за работни односи и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп бр.02-92/2 од 28.02.2017 година ја донесувам следната:

О Д Л У К А

За избор на пријавени кандидати на јавен оглас за пополнување на работни места на даватели на јавни услуги

1.Врз основа на објавениот јавен оглас за пополнување на работни места на даватели на јавни услуги по пат на вработување на неопределено време бр.04-135/1, објавен на ден 29.07.2024 година, во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха",

- За пополнување на работното место „**Референт-инкасант**", шифра на работно место КДР 03 05 Б02 075, (Одделение за односи со корисници (наплата)-Сектор за технички работи и развој) со четири годишно средно образование и најмалку 2 (две) години работно искуство во струката, на неопределено време, се избираат кандидатите:

  - **ЛИДИЈА ЈОВАНОСКА**
  - **ПАТРИЦИЈА РИСТЕСКА**
  - **ДАНИЕЛА ЃОРЃИЕВСКА**
  - **АЛМИР СУЛЕЈМАНОСКИ**

- За пополнување на работното место „**ВКВ Водоинсталатер**"-шифра на работно место КДР 03 05 Б04 053, (Одделение за водовод и одржување-Сектор за технички работи и развој), со четири годишно средно образование, со или без работно искуство во струката, како и посебен услов: потврда/сертификат за ВКВ/КВ Водоинсталатер, на неопределено време, се избира кандидатот:

  - **МИЛЕ СТЕВАНОСКИ**

- За пополнување на работното место „**Ракувач и одржувач на хидро опрема**"-шифра на работно место КДР 03 05 Б04 032, (Одделение за санитарна контрола-Сектор за технички работи и развој), со четири годишно средно образование, со или без работно искуство во струката, на неопределено време, се избира кандидатот:

  - **ИГОР НИКОЛОВСКИ**

- За пополнување на работното место „**НК Работник**“-шифра на работно место КДР 03 05 В02 035, (Одделение за водовод и одржување-Сектор за технички работи и развој), со основно образование, со или без работно искуство во струката, на неопределено време, се избираат кандидатите:

  - **БОРЧЕ КРСТЕСКИ**
  - **ТОНИ БОШЕСКИ**

2.Избраните кандидати ќе засноваат работен однос со работодавачот ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп, на неопределено време, со склучувањето и потпишувањето на Договорот за вработување.

3.За извршениот избор да се известат сите кандидати, а на неизбраните кандидати да му бидат вратени сите документи што ги доставиле како доказ за исполнување на бараните услови за вршење на работата.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Управниот одбор при ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп, во рок од 8 (осум) дена од денот на добивањето на одлуката.

ЈКП „Водовод и канализација“
Прилеп
Директор
ИГОР ГУЛАБОСКИ